Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-174/6
18-12-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-775/1 од 16.12.2024 година поднесена од ----- против -----, за извршена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи сторена од страна на ----- врз ---.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-775/1 од 16.12.2024 година, поднесена од страна на ----- за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на -----.

Согласно наводите во претставката, подносителката била вработена во ----- на работно место -----, при што предметната претставка ја поднесува поради фактот што била преместена на работно место ----- на 13.8.2024 година. Во врска со истото, подносителката наведува дека поднела приговор до Агенција за администрација кој бил прифатен, при што новото решение ѝ било поништено и предметот бил вратен на повторно разгледување. Оттука, наведува дека повторно било донесено трајно решение за обжаленото место, по кое поднела приговор и добила мериторна одлука која до денот на поднесување на претставката не била спроведена. Во претставката наведува дека се повела постапка и пред Државниот инспекторат за труд.

Поради фактот што во претставката не беше образложен дискриминаторскиот основ и не беше приложена никаква документација како доказ за тврдењата во истата, на 17.12.2024 година, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата до подносителката испрати барање за доуредување со кое ја задолжи да го образложи наведениот дискриминаторски основи и да ја достави документацијата која ја наведува во претставката.

На 3.2.2025 година, подносителката достави доуредување на претставката бр. 08-174/1, во кое во однос на образложението за наведениот дискриминаторски основ: политичко уверување, истакна дека „најверојатно се работи заради политички причини“. Во прилог на доуредувањето беше доставена сета релевантна

документација во врска со претставката – решенијата издадени од страна на нејзиниот работодавач, приговорите поднесени по истите и одлуките на агенција за администрација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 3.4.2025 година испрати Известување бр. 08-174/2 за произнесување по наводите од претставката до -----.

На ден 29.4.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на -----, заведен под арх. бр. 08-174/3.

Во произнесувањето најпрво е наведено дека со оспореното решение, подносителката на претставката била времено унапредена на работно место од ниво В3 како -----, во Одделението за -----. Во однос на ова, ги потврдуваат наводите дека подносителката вложила навремен приговор по истото врз основа на кој Агенцијата за администрација донела мериторна одлука со која се поништува решението. Во однос на ова, наведено е дека ваквата одлука е уредно доставена до -----, но од непознати причини истата не била доставена до Секторот за управување со човечки ресурси и последователно на тоа, до подносителката на претставката. Потенцијалниот дискриминатор наведува дека поради претходно настанатата ситуација, доставил барање за препис на мериторната одлука до Агенцијата за администрација, која по приемот била соодветно доставена до подносителката на 17.12.2024 година.

Во однос на наводите за прераспоредување на подносителката како -----, истакнуваат дека истата била направена заради потреба од пополнување на работното место како и непречено одвивање на работниот процес на одделението за ----- и квалитетно водење на постапките за -----, при што директорот на -----, на барање на помошник директорот на Секторот ----- донел Одлука за спроведување на интерен оглас и пополнување на слободно работно место согласно Упатство за спроведување на интерен оглас. Оттука, наведено е дека доколку на интерен оглас нема пријавени кандидати, директорот може да распореди вработен кој ги исполнува условите за пополнување на работното место на предлог на подносителот на барање за објавување на интерен оглас.

Во однос на наводите дека работодавачот постапил спротивно на Одлуката на Агенција за администрација, поради што подносителката е распоредена на исто работно место, иако согласно член ---- од Законот за ---- таа мора да поседува потврда за положен испит за лице за -----, во произнесувањето е најпрво цитиран член ---- од Законот ---- (Службен весник бр. 14/2025), кој гласи:

*„(1) Договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки.*

*(2) Лицето од ставот (1) на овој член е лице кое има стекнато најмалку 180 кредити според ЕКТС, односно завршен VI/1 степен на образование и кое има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.*
*(3) Лицето/лицата од организацискиот облик од ставот (1) на овој член ги вршат следниве работи:*
*- учествува во подготовката на планот за јавни набавки,*
*- ја изготвува одлуката за јавна набавка,*
*- врши набавки од мала вредност,*
*- учествува во изработката на тендерската документација,*
*- го објавува огласот за јавна набавка,*
*- ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување договор за јавна набавка,*
*- учествува како член во комисијата кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи,*
*- ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведена постапка,*
*- ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН,*
*- објавува негативна референца во ЕСЈН,*
*- дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата,*
*- се грижи за досиејата од спроведени постапки согласно со прописите за канцелариско и архивско работење и*
*- врши други работи согласно со овој закон.*
*(4) Лицето/лицата од ставот (1) на овој член се должни во своето работење да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки.“*

Согласно претходно цитираниот член, во произнесувањето е истакнато дека ----- службеник може да учествува во постапките за ----- до горенаведената проценета вредност, притоа наведувајќи дека неспорен е фактот дека подносителката нема потврда за положен испит, но и пропишаното во Законот за ----- не предвидува дека во моментот на распоредување е потребно лицето да ја поседува дадената потврда. Оттука, во произнесувањето е наведено дека согласно Законот, за да се добие потврда, лицето распоредено во одделението за ----- мора лично од свое име да се пријави за обука и полагање испит, при што трошоците паѓаат на товар на работодавачот.

На крајот на произнесувањето, наведено е дека согласно потребите, ----- службеници може да бидат распоредени на работно место кое според Правилникот за систематизација на работни место одговара на стекнатото ниво и вид на образование, како и потребното работно искуство.

На ден 19.5.2025 година, подносителката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави дополнување заведено под арх. број 08-174/4, во прилог на

кое беше доставена одлука на Агенција за администрација, донесена по приговор поднесен од нејзина страна. Последователно на ова, на 22.5.2025 година беше доставено уште едно дополнување заведено под арх. бр. 08-174/5, во прилог на кое беа доставени:

- Решение за прераспоредување на подносителката од работно место од ниво В3 – -----во Одделение за -----, Сектор за -----, на работно место од ниво В3 – ----- во Одделение за ----- во Секторот за -----, донесено на 19.12.2024 година;
- Решение за прераспоредување на подносителката од работно место од ниво В4 – ----- во -----, на работно место од ниво В4 – ----- во -----, донесено на 21.2.2025 година.

Земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз ----- согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите“.*

Имајќи го во предвид сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување врз -----, ценејќи го фактот дека подносителката не воспоставила каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и дејствијата со кои тврди дека била дискриминирана, односно во доуредувањето на поднесената претставка за заштита од дискриминација со кое беше побарано образложение на примарно наведениот дискриминаторски основ: политичко уверување, во доуредувањето подносителката наведува дека „најверојатно се работи за политички причини“, при што наведениот дискриминаторски основ не го поврзува со некоја своја лична карактеристика која претставува нејзина заштитна карактеристика, дополнително на што не воспоставува каузална врска помеѓу наведениот основ и нејзиното преместување на друга позиција.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз -----.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- -----
- -----